ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-762/2
13-03-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на 29-тата седница, одржана на 10.03.2026 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА

Пријавата со број 09-762/1 од 16.02.2026 година, поднесена од непознат подносител против службеното лице -----------, Министер за ---------, СЕ ОТФРЛА поради тоа во пријавата не се содржани наводи кои укажуваат за незаконити дејствија на службеното лице при вршење на јавните овластувања и службената должност.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата на ден 16.02.2026 година е поднесена пријава од непознат подносител, во која се посочува дека повеќе лица кои се во роднинска врска со актуелниот министер за -----------, -----------------------------------, се вработени во различни институции и тоа дека прва братучетка е директорка на детски дом, снаа за прв братучед е вработена во Клиничка болница -------, братучед е вработен како в.д. директор на --------- ДООЕЛ --------, зет за братучетка е вработен во Општина ----------, братучед е вработен во ---------, снаа за братучед е вработена во Општина ---------.

По извршен увид во пријавата Државната комисија констатира дека истата не содржи конкретни наводи за вршење на влијание при вработување од страна на министерот и не се посочени конкретни постапки за вработување во кои биле прекршени начелата на мерит-системот. Понатаму, не се дадени доволно податоци за идентификација на посочените лица, со цел да може да се утврди постоење и степен на сродство со министерот. Освен тоа, дел од посочените лица (снаа за братучед, зет за братучетка)

не претставуваат „блиски лица" во смисла на членот 8 од Законот за спречување на корупцијата, за кои се однесува забраната од чл.56 од истиот закон за влијание при вработување или унапредување. Со оглед на фактот што пријавата е поднесена од страна на непознат (анонимен) подносител, Државната комисија не е во можност да побара дополнување и појаснување на наводите или обезбедување на конкретни докази неопходни за натамошно постапување.

Имајќи го предвид горенаведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК